








Фестивал за феминистичка
култура и акција

Прво па Женско 7

Ова тело кое не е едно

9 — 12 мај
Младински Културен Центар

Телото отсекогаш било место на контрола, отпор, дисциплина и непослушност, и меѓу другото простор каде се вежбале и истражувале родовите улоги. Промислувањата на телото и телесноста се годинешните потпорни точки на *Прво па женско*. Позајмувајќи ги зборовите на Лус Иригаре го поставивме *Ова тело кое не е едно* за основа и поттик на она во коешто веруваме, во идејата за отфрлање на концептот за еднаквост во онаа смисла во која тоа подразбира статусни натпревари и манипулации и бескомпромисно преземање на атрибути на *успешниот* со цел изедначување со *Другиот*. Иригаре нè потсетува дека сите сме различни во родовиот аспект и дека онаа еднаквост која постојано ја застапуваме би требало, всушност, да биде заедничкото здружување без хиерархија. *Подруготнувањето* (Е. Шелева) во ниту еден случај не подразбира *подеднаквување*, туку суштинско разбирање на различностите кои првенствено ги препознаваме во нас, однатре она наше тело кое не е едно.

Иригаре ни укажува на тоа дека женската сексуалност и тело биле отсекогаш општествено и културно обликувани врз основа на параметрите на машкиот род, во една бесмислена споредбена релација на образец и копија. Затоа, се обидуваме да се спротивставиме на таквото восприемање на телото и воочуваме дека телата за кои зборуваме и мислиме се секогаш во множина и се создаваат под влијание на различни, често неповторливи искуства.

Програмата на *Прво па женско* оваа година ќе опфати повеќе аспекти од третманот, сликата, идентификувањето и восприемањето на телата, без разлика дали тоа подразбира релација во која е воспоставена институционалната моќ, влијанието од акутните социо-културни динамики или пак, индивидуалното доживување на себеси. Ќе имаме можност да дознаеме и да размислуваме за старото/младото, грдото/убавото тело во македонската народна култура. Ќе зборуваме за женското здравје, за задоволството, но и за болката и неприпаѓањето. Ќе зборуваме за тоа каква е сликата за телото во кибер просторот, обременета со сите стереотипи и стигми и како тоа влијае врз јавното мислење.

И за крај, дали по логиката на Иригаре за *écriture féminine,* ќе создадеме *сопствено гето* (Е. Баковска) или ќе целиме кон поседување на *сопствена соба* (В. Вулф), е прашање кое ќе го оставиме да лебди и наместо да се обидеме да го одговориме ќе се стремиме кон тоа да отвориме простор каде ќе ги промовираме неконвенционалните, различни тела кои му пркосат на патријархатот. Ова *Прво па женско,* низ контрадикторно и конфронтирачко соединување ќе се обиде да создаде едно колективно тело од мноштво различности.

Јана Коцевска
**текстот е пишуван под влијание на ПМС*

Коментар за:

Визуелното решение

Во време на *визуелна* оптовареност ретко среќаваме дела кои ни се обраќаат пријателски, пренесуваат познати вибрации и во исто време интригираат. Марија Страјниќ (Србија), фотографка, архитектка и илустраторка која од неодамна делува и под своето алтер-его Love.rs, креирајќи ги нејзините меки, бесполови фигури кои се протегаат, јаваат, играат, провоцираат, ни ја понуди идеалната визуелизација на овогодинешната тема на Фестивалот, како и прилика Тиииитовки за првпат да соработуваат со дизајнерка надвор од Македонија. Љубовниците на Марија комуницираат со сите прифатени и неприфатени, откриени и неоткриени тела и нè поттикнуваат да размислиме како телото се дефинира во однос на Другиот, за неговата дуалност и променливост. Love.rs постојано нè потсетуваат дека не постои *тело кое е едно*.

— Јана Старделова

Перформативна програма

“Мајка, девица, курва: тоа се општествените улоги доделени на жените”, вели Иригаре. Нашите тела се однапред изведбени. Жена на сцена - тоа веќе (треба да) значи нешто. Чистота, благородност или соблазна.

На сцената на овогодинешното Прво *па женско* настапуваат неколку извонредни уметници кои смело се соочиле со дилемата на секоја жена изведувач - како да се деконструира закостенетиот претставувачки знак на културата на мнозинството, како да го ослободиш своето тело од стереотипната слика без да го негираш, да му се спротивставуваш, туку да го прегрнеш како свој уметнички топос и средство. Храбро, тие ги ослободуваат своите, а со тоа и нашите тела од стегите на тесната рамка и ја претвораат извојуваната автономија во автентичен начин на уметничка комуникација.

Посакувам ова да биде поттик, на домашната театарска сцена во иднина да гледаме почести и посмели обиди за поставување на женското искуство на сцена, за преиспитување на конструираниот идентитет на *женственоста* и за интерпретирање на личното како политичко, зашто деконструкцијата на претставувањето на родот на сцена ветува нов политички театар, кој ни е толку многу потребен.

— Кристина Леловац

Филмска програма

Да правиш филм како жена

“Зашто нели ние жените сме сите исти! Напорни, нестабилни, озборувачки, кучки, пачаври!”
— Женски одговори (1975)

“Секоја година во Франција абортираат милион жени. Осудени на тајност, го прават тоа во опасни услови, иако, ова е една од наједноставните процедури во јавното здравство. Општеството ги замолчува овие милиони жени. Јавно кажувам дека јас сум една од нив. Јавно кажувам дека сум абортирала. Бараме слободен пристап до средствата за контрацепција и инсистираме на слободен пристап до абортус.”
— Манифест на 343те пачаври, објавен во Le Nouvel Observateur (05.04.1971)

Тринаесет години пред да го направи Женски одговори и девет години пред да го потпише *Манифестот на 343те пачаври, Ањес Варда го направи Клео од 5 до 7.* Во чест на телата од сите возрасти и позадини, кои чекорат заедно наспроти неправедните држави, општества, места и вселени, овогодинешната филмска програма на *Прво па женско* ја посветуваме на Ањес Варда.

— Кумјана Новакова

Дискурзивна програма

Овогодинешната дискурзивна програма се обидува да и` парира на фестивалската тема во сета своја комплексност, безвременост и современост. *Ова тело кое не е едно,* е способно да носи радост, да расте, да издржува болка, да доживува повеќекратен оргазам, да се трансформира, да танцува, да раѓа, да се бори, да се ослободува. Сакаме да разговараме за начинот на кој општеството и институциите ги третираат женските тела, за тоа како можеме преку телото да го изразуваме својот идентитет, избори и слободна волја, како да работиме на тоа активно да го прифатиме и сакаме сопственото тело и без инхибиции и страв да му го дадеме задоволството и уживањето кое секое тело го заслужува.

— Калиа Димитрова

Визуелна програма

Отелотворуваме објектификација, оргазам, женскост, срам, интимност, игра.

Фасцинацијата од разголувањето пред погледот на другиот, претставена преку изложбите на Марија Ангеловска и Јана Јакимовска. Двете изложби на годинешното *Прво па женско* се во дигитален принт - современо и во чекор со брзо променливото општество чиј фокус несомнено е телесноста.

Изложбата на Марија е курирано соединение за темата на фестивалот, додека делата на Јана се вклопија во целината и идејата за демистификација на табуата.


Во овие две простории наместо да разговараме за женското тело, ќе го гледаме, и ќе се скокоткаме како е да се биде она што сме, сами во својата интимност.

— Моника Јамандиловска

Музичка програма

Овогодинешната музичка програма е везилка меѓу феминистичката мисла и уметничкиот израз. Три female-fronted музички групи со политични, антифашистички и емотивни стихови ќе ја презентираат својата форма на бунт во денешното општество. За *Nalyssa Green* и *Post Lovers* од Грција ова ќе биде нивно прво претставување пред македонската публиката. Верувам дека музиката е моќна алатка преку која *ИСКРА Турбукинг* и *Прво па женско* можат заедно да влијаат на развојот на феминистичката музичката култура во регионот.

— Елена Пељхан



Програма

9
МАЈ
ЧЕТВРТОК

10
МАЈ
ПЕТОК

11
МАЈ
САБОТА

12
МАЈ
НЕДЕЛА

12.00 Панел дискусија: Гинекологија и акушерство: сервиси, достапност и третман

19.00 Отворање на изложба: „Ова објективизирано тело“ — Марија Ангеловска

20:00 Што е филм?: „Клео од 5 до 7” — Ањес Варда

22:00 ДиЏеј сет: Еми Ермилова

18:00 Дискусија: Можеш ли да нè следиш? (Женското тело во Инста декада) — Медуза

19:00 Предавање: „Куро крај нема: фолклорот на телесноста како егзотика и сензација“ — Илина Јакимовска

20:30 Перформанс: „СИНЕ“ — Наташа Живковиќ

21:30 Перформанс: „Бегалка“ — Лана Здравковиќ

22:00 Концерт: Mavi Phoenix, Bon Praskiza, Donplaya, Prince$$ Donatsu

17:00 Работилница за секс играчки: „Play-sure – професионален водич за еротски играчки и добар секс“ — Марика Смит

19.00 Дискусија: Феминизам и порно: Friends or foes?

20:30 Перформанс: „Јас, жртвата“ и „Вториот пат“ — Симона Семенич

22:30 Концерт: Nalyssa Green, Post Lovers, SPETИ

13:00 Body Flow: Ивана Коцевска

13.00 Базар

14:00 ДиЏеј сет: Теа Шалдева

15:00 Неделен ручек: Breakfast Club

18:00 Детска програма: Театарска претстава за деца „Контрабајка“ Театар на сенки Сенки и облаци

20:00 ПичПрич Слем: #сегакажувам

22:00 Дрег Шоу: Борис Геј

Цело време на ППЖ— Изложба: „О“ – Јана Јакимовска

Панел дискусија

Гинекологија и акушерство: сервиси, достапност и третман

9 Мај, четврток — 12:00
Плато

Модерира: Марија Башевска (Реактор - Истражување во акција)
Говорат: Венко Филипче, Ана Данева Маркова, Љатифа Шиковска и Елизабета Божиноска



Поседувањето достоинствен третман во доменот на репродуктивното здравје и ефективното информирање за здравствените сервиси се загарантирани човекови права. Некоректниот однос, физичкото и психолошкото вознемирување, игнорирањето на болката, лишувањето од избор при бременоста и раѓањето се сериозни секојдневни прекршоци на женските права кои мора да се адресираат јавно. Во процесот на снабдување услуги поврзани со репродуктивното здравје се појавуваат институционални, финансиски и субјективни бариери за кои е нужно системско решение. Токму затоа, на овој панел ќе ги отвориме овие теми за да зборуваме за здравствените услуги од доменот на репродуктивното здравје и нивната достапност за сите жени, особено за оние од социјално ранливите групи.

Со Министерот за здравство Венко Филипче, претседателката на Комитетот за безбедно мајчинство Д-р Ана Данева Маркова од Гинеколошко-акушерската клиника, здравствената медиаторка Љатифа Шиковска и Елизабета Божиноска која е програмска директорка на ХЕРА – Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ќе разговараме за односите на гинеколошките и акушерските установи кон жените во нашата земја.
И конечно, ќе ги истакнеме проблемите со кои жените се соочуваат во доменот на репродуктивното здравје за кои ретко се говори, за да добиеме квалитетни, ефективни и пријателски услуги во иднина.




Изложба

Ова објективизирано тело

9 Мај, четврток — 19:00
Галерија

Марија Ангеловска
* отворање на изложбата и официјално отворање на фестивалот



Марија Ангеловска е концептуална и мултимедијална уметница која ги споделува своите идеи на социјалната платформа *Инстаграм,* потенцирајќи ја ползата од интернетот кој ѝ дозволува да ги изрази своите ставови пред поширока публика, на начин на кој помалку привилегираните жени не биле во можност тоа да го сторат претходно. Досега учествувала во неколку групни изложби во Холандија. Ова е првата самостојна изложба на Марија во Скопје.

Нејзините перформативни и дигитални уметнички дела се насочени кон барање решенија за различни актуелни социо-политички проблеми од нашето време. Нејзината уметност не зборува единствено за родот, за феминизмот или за порното. Таа ги таргетира сите проблеми заедно, дури и оние кои најчесто ги сметаме за засебни. Адресирајќи ја цензурата и опресијата, Ангеловска си *игра* со концептот на злоупотреба на начин кој ќе ги натера другите да размислат за нивната меѓусебна комуникација. Ограничувањата со кои се соочила во претставувањето на својата уметност на само една електронска платформа, сега ја сочинуваат суштината на нејзината работа.

Преку нив таа успева да ги разбере продолжените родови нееднаквости меѓу креативците во интернет сферата, како што е случајот со цензурирањето. Меѓутоа, таа оди чекор напред од едноставно посматрање на феномените и покрај веќе дадените одговори во своите уметнички дела – ги мапира можните стратегии за дејствување кои не им биле достапни на уметниците во минатото, како и нивните активни улоги во современиот живот.

Што е филм?

Клео од 5 до 7

9 Мај, четврток — 20:00
Кино Форсина

Ањес Варда

Во соработка со Филмската и видео програма на Музејот на современа уметност - Скопје и Фестивалот на европски филм Синедејс

Премиерно прикажан во 1962
Времетраење: 90 мин.
Играат: Корин Маршан, Антоан Бурсије, Доминик Даврej, Дороти Бланк, Мишел Легранд



Приказната за младата пејачка Клео започнува во 5 часот наутро. Чекајќи ги резултатите од своите рендгенски испитувања, се соочува со идејата за нејзината можна смрт. Во тој меѓупериод таа ги среќава нејзиниот љубовник, еден пијанист, еден пријател и еден војник. Шетајќи се низ Париз, Клео полека почнува да го гледа светот со други очи.

Аңес Варда, пионерката на францускиот *Left Bank*, беше една од најпроникливите филмаџики, чиј што интерес за општествените маргини и женската субјективност, во комбинација со нејзиното професионално минато во областа на фотографијата, резултираа во еден од најигривите и политички најсмели опуси во историјата на филмот. *Големата мајка на новиот француски бран* покрај многуте награди и номинации, ги има освоено *Сребрената мечка* на Берлинскиот филмски фестивал, почесната *Златна палма* на Канскиот филмски фестивал, *Златниот лав* на Венецијанскиот филмски фестивал, како и почесниот *Оскар* за животно дело.



ДиЏеј сет

Еми Ермилова

9 Мај, четврток — 22:00
Плато



Ермилова почна да пушта хаус музика во 2008 година, појавувајќи се во многу барови и клубови во Скопје, меѓу кои и во *Сектор 909* и *Епицентар*. Моментално е постојана ДиЏејка во клубот *Минус Еден.* Еми слуша хаус, асид и електро музика, каква што и пушта за време на своите ДиЏеј сетови. Ја инспирираат DJ Tom Trago, Red Axes и Ross from Friends.



Дискусија

Можеш ли да нè следиш?

(Женското тело во Инста декада)
во соработка со Медуза

10 Мај, петок — 18:00
Женска соба (фоаје Фросина, на кат)

Модерираат: Калиа Димитрова и Ена Бендевска
Говорат: Марија Ангеловска, Александра Трпеска и Кика Авеиро

Комплексната врска меѓу женските тела и медиумите е разочарувачки одраз на третманот на општеството кон жените и нивното право да постојат и да се изразуваат автономно во своето опкружување. Отсуството на репрезентацијата и нереалните стандарди за убавина со кои жените историски се соочуваат, во време на социјалните медиуми се зајакнати со цензура, вознемирување и непосакувани коментари, критики и напади. Поради ова, панелот ќе ги адресира проблемите на кои наидува женското тело, како и коментарите, очекувањата и нереалистичните стандарди, наметнати од корисниците и од општеството. Дополнително, панелот ќе ги проблематизира сите можни начини, модели и форми на изразување за (ре) апроприација на просторот кој го нудат социјалните медиуми како поле за автономно изразување на женското тело. Нашите говорнички ќе ги начнат овие теми преку своите искуства и своето присуство на социјалните медиуми.

Панелот е иницијатива на феминистичка онлајн платформа *Медуза* (www.meduza.mk) и ќе биде модериран од Калиа Димитрова, главна и одговорна уредничка на Медуза и Ена Бендевска која стои зад социјалните медиуми на платформата (@meduzaplatform). Говорнички на овој панел се: мултимедијалната уметница и феминистка Марија Ангеловска (@marijangelovska), Александра Трпеска (@majestic.at) која веќе пет години работи со дигитален маркетинг и ја користи моќта на социјалните мрежи за да ги пренесе своите пораки за *self-love* и Кика Авеиро (@kikaaveiro), *Body Positivity* активистка, плус-сајз модел и *social media influencer.*

Сите три со своето присуство на социјалните медиуми активно се залагаат за себе-прифаќање и слободно изразување и без извинување ги критикуваат сајбер цензурата и булингот.

Предавање

Куро крај нема: фолклорот на телесноста како егзотика и сензација

10 Мај, петок — 19:00
Женска соба (фоаје Фросина, на кат)

Илина Јакимовска

Во соработка со ЦИНИК - Центар за истражување на национализмот и културата



Предавањето ќе се осврне на начинот на кој етнологијата и културната антропологија го проблематизираат телото, но и етичките и други дилеми кои произлегуваат од истото. Имено, фокусирањето на она што е необично, зазорно во *„егзотичните"* култури (меѓу кои и балканските), занемарува едно важно прашање: дали некои од телесните практики во рамки на овие култури претставуваат сурово прекршување на човечки права и дали треба да бидат сузбиени, или напротив, треба да бидат толерирани и почитувани како дел од автентична традиција, во име на културната разновидност?

Д-р Илина Јакимовска е редовна професорка на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј". Докторирала на тема „Телото во народната култура: нормирање, воспитување, надзор и казнување". Се занимавала, меѓу другото, со женскиот општествен ангажман од руралниот 19 век до современите политички протести, со атипичните сексуални однесувања во македонското народно творештво, како и со употребата на фолклорот во современата политичка реторика и популарниот дискурс во Македонија. Уредничка е на рубриката за култура *Букбокс* на порталот *off.net*, а работела и како етнолошки консултант во филмовите на Милчо Манчевски. Авторка е и на две збирки поезија и кратки раскази: *Сонце во тегла* и *Најважната игра.*

Перформанс

СИНЕ

10 Мај, петок — 20:30
Сала 25ти Мај

Наташа Живковиќ

Во соработка со Меѓународниот фестивал за изведувачки уметности Место Женск од Љубљана и МОТ+



Наташа Живковиќ е независна сестрана уметница од Словенија која се занимава со изведувачки уметности: театар, современ танц и филм. Таа е актерка, кореографка и танчерка на институционалните и алтернативните сцени, како и менторка и професорка по балет и современ танц.

Играат: Наташа Живковиќ, Даниел Петковиќ,
Луп Аврамовиќи и Слободан Малиќ
Сценски дизајн и сценографија: Ленка Ѓоројевиќ
Дизајн на светло и техничка координација: Шпела Шкуљ
Фотографија: Нада Жганк
Советувачка: Теја Реба
Извршна продуцентка: Ева Продан
Продукција: *Место Женск*
Копродукција: *Bunker* - Stara Elektrarna

“Сине! – ми вели блиска роднина кога ја посетувам во Црна Гора”

„СИНЕ“ е интердисциплинарен потфат кој поаѓа од интересот за *имажите* на жената во културите и вклучува антрополошки истражувања на конкретни феномени во форма на перформанс. Тој ја изразува фасцинацијата од сликите и приказните на заречените девици (виргини) од изолираните делови на Црна Гора, Албанија, Косово и Метохија. На постерот на Центарот за женски права од кампањата против селективниот абортус во 2017 година пишува “*Непосакувана* е всушност често женско име во (нашата) Црна Гора“. „Жената е вреќа создадена да трпи“, дополнително се вели во Кунанот на Леќ Дукаѓини, практикуван во Средниот век во северна Албанија и Косово.

Но, и: „Последната виргина почина. Нејзината последна желба беше на фамилијарниот епитаф за неа да пишува дека била единствениот преживеан син на татко си“- пишуваше весникот Блиц во 2016 година. Перформансот ги истражува овие приказни во релација со прашањето за опстанокот на жената во машкиот свет, запрашувајќи нè во какво општество живееме. Содржината емотивно ја прикажува дупката во системот која го одржува самиот систем преку родов перформанс (или Перформативниот род), во чии рамки танцувањето предизвикува суштинска промена.

Специјална благодарност до *Maska и Mladinsko Gledališče*
Перформансот е развиен во рамки на проектот
Performing gender - Dance makes differences.
Поддржано од: *Creative Europe*, Министерство за култура на Р. Словенија и Градот Љубљана

Перформанс

Бегалка

10 Мај, петок — 21:30
Бифе Фросина

Лана Здравковиќ



Перформансот „Бегалка“ произлегува од реобмислувањето на проблемот со бегалството низ родова перспектива, и ја отелотворува жената која бега од војната, сиромаштијата, бедата, но и од патријархатот, мачоизмот и сексизмот. Голото тело на перформерката упатува на нејзиниот гол живот *(homo sacer)*, но и на фактот дека бегалките не се немоќни жртви кои немаат желба да уживаат или кои немаат потреба да се борат за сопствената еманципација. Перформансот е создаден како дел од редовната програма од вечерните бурлески на колективот Tatovi padob *(Image Snatchers)* кои се изведуваат во Љубљана.

Лана Здравковиќ е перформерка од тандемот *Kitch* од Словенија, кој го истражува субверзивниот, политички и еманципаторски потенцијал на феноменот на кичот. Членува во веќе споменатиот колектив *Tatovi padob* кој работи во полето на бурлеската, кабарето и циркусот и како перформерка вклучена е во платформата на современите перформативни уметности *Via Negativa Lab.* Истовремено истражува во Мировниот институт во Љубљана, пишува, објавува и политички е активна во своето опкружување.

Концерт

Мави Феникс, Bon Praskiza, Donplaya, Prince$$ Donatsu

10 Мај, петок — 22:00
Сала 25ти Мај

Во соработка со музичкиот фестивал Таксират и Пасворд Продукција






“Lo-Fi поп хероината Мави Феникс ќе ве маѓепса!” – The Fader

Мави Феникс има 22 години и е доказ дека секоја вистински талентирана девојка може да се стекне со интернационална слава без разлика на тоа од каде потекнува. Ја започнува својата музичка кариера со пеење, рапување и продукција на само единаесет години и оттогаш развива свој уникатен стил. Нејзината музика го има привлечено вниманието на неколку значајни имиња за музичкиот свет, како *i-D, Nylon, The Line of Best Fit, The Fader и COLORS*, а има настапувано и на европски фестивали како *The Great Escape* во Порто и *Primavera Sound* во Барселона. Пред да настапи на *Roskilde* во Данска, ни доаѓа на *Прво па женско!*

Работилница за секс играчки

Play - sure – професионален водич за еротски играчки и добар секс

11 Мај, сабота — 17:00
Женска соба (Фоаје на кино Фросина на кат)

Марика Смит



Оваа интерактивна работилница за еманципирање на женската сексуалност има за цел да нè поттикне да бидеме љубопитни за сексот и да ни укаже за значајноста на сопственото задоволство и енергијата која ја вложуваме во него. Иако работилницата е главно наменета за жени или не-бинарна публика, значајно е да се нагласи дека повеќето наши сексуални функции, емоции и потреби се исти, без разлика на нашите гениталии и род. За време на работилницата ќе развиеме нови начини на размислување за сексуалноста, ќе слушнеме за искуствата на другите, ќе пробаме како е да се носи *strap-on*, ќе вежбаме и ќе се предизвикаме себеси да одговориме на некои прашања и со тоа да ја зајакнеме својата самодоверба.

Марика Смит е секс инспираторка, советувачка, предавачка, фриленс писателка од Стокхолм и специјалистка во полето на сексот и љубовните врски. Концептот за кој зборува во својата работа го нарекува *Секспирација*, бидејќи главната идеја е да се искористат позитивните аспекти од сексот за да се инспирираат луѓето да учат и да се развиваат така што ќе се чувствуваат подобро во врска со својата интимност и ранливост. Марика дипломирала етнологија на Универзитетот во Стокхолм, и специјализирала културни перспективи на сексуалноста, како *BDSM*, културното наследство и консумацијата.

Дискусија

Феминизам и порно: Friends or Foes?

11 Мај, сабота — 19:00
Женска соба (Фоаје на кино Фросина на кат)

Модерира: Ивана Драгшиќ
Говорат: Лана Здравковиќ и Сара Хелд





Жените гледаат порно. Жените снимаат и играат во порно филмови. Исто така и феминистките. Наспроти овие факти, сé уште постојат митови дека само мажите уживаат во порно, дека порно актерките не уживаат во својата работа, феминистките мразат порно, а порно индустријата е менаџирана од мажи. Ок, последново е горе-доле вистина.

Затоа, се поставува прашањето дали алтернативните порно продукции можат да го променат начинот на кој гледаме на порно филмовите? Дали може порното да биде протест против социо-културните норми? Кои се можностите на порно индустријата за едукација, еманципација и ослободување на сексуалните инхибиции? Што би се случило доколку наместо да сме изложени на сексистички мејнстрим *порничи* имаме пристап до порно материјали кои прикажуваат различни типови на тела, сексуалности, родови и го вреднуваат и истражуваат задоволството на сите? Доколку визуелно би биле повеќе изложени на женското сексуално задоволство, дали жените поактивно би се залагале за своето право на задоволство и оргазам?

Целта на овој панел е да ги стави во фокус женските сексуални задоволства (со целата свесност дека е невозможно да се зборува за истото во еднина). Сакаме активно да го расклопиме „светото тројство" на мејнстрим порното (празната *pick-up line* – одреден сет на секс пози кои речиси секогаш се наменети да прикажат единствено секс органи – и финале: *cum shot*) кон разгледување на потенцијалот на феминистички и квир порно продукции. Најпосле, сакаме да го разнишаме митот дека феминистките мразат порно.

На панелот разговараме со Лана Здравковиќ (Словенија), која има докторат по филозофија, а работи како истражувачка и перформерка и во својата работа се занимава со сопственото (често претерано сексуализирано) тело, и Сара Хелд (Германија), која во својата истражувачка работа и уметнички практики се фокусира на културата на протест, интерсекцијата помеѓу феминизмот и политичкиот активизам против сексуално насилство. Панел дискусијата ќе ја модерира Ивана Драгшиќ, социолог, активистка и културна менаџерка, која пушта музика на својата радио емисијата *Diskorgia – можниот саундтрак на падот на патријархатот* и во клубови.

Перформанси

„Јас, жртвата“ и „Вториот пат“

11 Мај, сабота — 20:30
Кино Фросина

Симона Семенич

Во *соработка со Меѓународниот фестивал за изведувачки уметности Место Женск од Љубљана и МОТ+*

Текст: Симона Семенич
Играат: Верица Недеска и Симона Семенич
Дизајн на светло: Игор Ремета
Копродукција: *Место Женск, Прво па женско и МОТ+.*

Првото изведувачко соло **Јас, жртвата** на драмската писателка и изведувачка Симона Семенич се занимава со нејзините блиски средби со темните сили од различни типови. Споделувајќи го своето искуство со епилепсијата и здравствениот систем, со гениталниот херпес и здравствениот систем, како и со многу други нешта, таа зборува за начините на кои се справува со она коешто многумина од нас го искусуваат и трпат секојдневно.

За да го изведе перформансот „Јас, жртвата“ на *Прво па женско*, по неколкуте години активна работа во областа на филмот, на *штиците што живот значат* конечно се враќа Верица Недеска. Таа и режисерката Билјана Радиноска работеа на подготвките на перформансот за македонската публика. Благодарение на отвореноста и поддршката од *Место Женск и МОТ+, Прво па женско* конечно може да се пофали со својата прва копродукција во областа на изведувачките уметности.

Вториот пат е втората изведба на овој перформанс од 2014 година. Симона го почнува својот монолог буквално онаму каде што го завршува првиот. Отворајќи ја изведбата со последните зборови од првата изведба – „Остајте ме да пушам“, таа на изведувачки оригинален и емотивно разоружувачки начин, нè информира за тоа што се случило во меѓувреме, во годините меѓу првата и втората изведба на перформансот.



Симона Семенич е словенечка драмска писателка и изведувачка. Добитничка е на најзначајната национална награда за уметничко дело во нејзината земја *Prešeren Fund Award* и трикратна добитничка на најпрестижната национална награда која им се доделува на драматурзите - *Grum Prize*. Нејзините текстови се преведени на четиринаесет јазици, изведени и објавени во неколку земји од Европа, САД и на Блискиот Исток, и наградени во Словенија и пошироко.



Верица Недеска е македонска актерка и изведувачка. Дипломирала на Факултетот за драмски уметности во Скопје и магистрирала применети уметности на ФАМУ во Прага. Освен со актерство, во поново време се занимава со пишување, режија и продукција. Во моментов работи на нејзиниот долгометражен филм *Срам*, а тукушто го заврши својот краткометражен филм *Вера*, каде се потпишува како сценарист и режисер. Живее во Прага, но сéуште е активна на македонската сцена и досега има остварено повеќе значајни соработки со наши и странски признаени режисери и автори. Покрај театарот и филмот, нејзина голема љубов се музиката и поезијата.



Билјана Радиноска е македонска театарска режисерка. Дипломирала театарска режија на Факултетот за драмски уметности во класата на Слободан Унковски и Златко Славенски. Добитничка е на неколку државни и интернационални награди. Била дел од магистерската програма за лабораториски пристап во театарот и перформативните уметности на Академијата за уметности *DasArts* во Амстердам, Холандија. Живее и работи во Скопје и Амстердам. Нејзината работа е повеќеслојна провокација на извесни театарски канони, преиспитување на хиерархии и форми низ призмата на емотивни пејзажи.

Концерт

Nalyssa Green, Post Lovers, SPETИ

11 Maj, сабота — 22:30
Плато

Nalyssa Green (GR), Post Lovers (GR), SPETИ (MK)
во соработка со ИСКРА Турбукинг



Налиса Грин е пеачка, текстописка и феминистка од Атина, Грција, која паралелно компонира театарска музика и се занимава со перформанс. Има издадено три албуми, а последниот *„Bloom“* е всушност првиот испеан на нејзиниот мајчин јазик. Потребата да се изрази и да пее во грчки стих овде го има зајакнато нејзиниот музички идентитет и стил, во чија длабочина се имаат овенчано сонувачките мелодии и бајковидните вокали. Мотивот на цутот на цвеќињата во албумот е проследен со личните приказни на пеачката низ кои таа ја негува сопствената женска творечка енергија.



Post Lovers е проект на пеачката и текстописка Елени Караѓерг, претставен летото 2017 година. Музиката на пост-љубовниците е микс од кратки indie folk мелодии и малку повеќе личен текст со игриви вокали, поставени во позадина во стилот на деведесеттите. Во деби-албумот Елени ги споделува своите мисли со слушателот, обезбедувајќи автентичен женски одговор на современото пишување музика, во кое доминираат мажите. Тринаесетте песни од нејзиниот албум може да се опишат како хармоничен склоп од мајсторски изработени тонови, кревки сеќавања и чувства кои заедно се справуваат со суровоста на љубовта, семејството и човековата природа.



SPETИ е современ македонски бенд создаден во јуни 2018 година. Од спонтаното тридневно творење во Прага, произлегува нивното прво ЕП издание „*Слатки, мали музики*“, објавено во август 2018 година во Скопје. Spети почнуваат како дуо, за брзо да прераснат во четиричлен бенд: Сања Јакимова (вокал), Владимир Владимиров (гитара), Бојан Јанков (бас) и Давид Стојкоски (клавијатури). Трите синглови од албумот, *Планини, Ветар* и *О*, ослободи се нивен обид за пресликување на „една удобна и интимна атмосфера во период во кој решаваат да ја ослободат својата инспирација“.

Body Flow

Ивана Коцевска

12 Мај, недела — 13:00
Плато



„Танцувајте, танцувајте, инаку сме изгубени!“ – Пина Бауш

Body Flow е склоп на танцови движења во комбинација со вежби за зајакнување, истегнување, баланс, координација и правилно дишење. Заедно со дипломираната балетска педагогиња Ивана Коцевска, во овој дел од програмата учесниците ќе научат да го ослободат сопственото тело и да се движат грациозно, природно и слеано со помош на неколку елегантни танцови вежби. Коцевска ќе го сподели со нас нејзиниот пристап кон оваа техника, а тренингот може да го посети секој, без разлика на физичката подготвеност и возраста. За практикување на овие движења не е потребно никакво претходно искуство од кој било танц или спортска дисциплина.

Дојдете! Поместете ги границите и откријте го танчерскиот дух во себе!

Базар

12 Мај, недела — 13:00
Плато

Слободен простор за презентација на возбудливите ракотворби на нашите омилени домашни креативки и креативци. Не заборавајте да си ја понесете заштедата, ќе ви треба.

ДиЏеј

Теа Шалдева

12 Мај, недела — 14:00
Плато

Теа Шалдева, или *Galatheia*, е диџејка и артистка со веќе еден албум зад себе. Врти музика во убавите скопски катчиња од 2012. Неколку пати досега ја забавувала публиката на *Прво па женско*, па така и оваа година ќе ни приреди одличен денски диџеј сет.



Детска програма: Театарска претстава за деца

Контрабајка

12 Мај, недела — 18:00
Плато

Театар Сенки и облаци



Пеперутката Хана мисли дека природата не направила вистински избор кога и` го доделувала името. Таа знае дека би била баш среќна кога би се претворила во Скакулецот Џони. Преку антените и` е веќе дојдено од часовите по балет. Тајно ги дипли своите крилја и почнува да оди на свирки и се бутка во шутки." Нејзината најверна другарка мравката Маја и` соопшти дека сето тоа нема да и` оди така лесно, но Хана е пеперутка бесна и гајле си нема.
Од оваа пролет се вика Џони и точка со извичник!

Претставата ќе се создава во рамки на тридневна работилница за деца (и возрасни) на која заеднички ќе се работи на развој на ликовите и приказната, така што децата, покрај тоа што ќе научат како се прави театар на сенки, со своите лични искуства, ставови и мислења ќе имаат директно влијание врз елементите на драмското дејство.

Театарот *Сенки и облаци* е дружина сенкаши која од далечната 2005 година ненаситно создава претстави со сенки наменети за големи и мали деца. Од минатата година има свој дом – самоодржлив независен простор (театар) во срцето на Дебар Маало, кој располага со сцена за настани од мал формат и изложбен простор отворен за сите заинтересирани организации и индивидуални уметници. Оваа екипа уметници има мисија да создаде мобилна и независна театарска платформа која преку стариот медиум ќе истражи нови начини на изразување и ќе допре до публиката надвор од институционалната уметност. Додека бара нови алатки, звуци и сенки, театарот бележи бројни соработки со визуелни уметници и изведувачи од други бранши, како и значајни гостувања во Турција, Бразил, САД, Русија, Грузија, Шпанија, Германија, Холандија, Франција, Грција, Србија итн.

Пич Прич Слем #сегакажувам

12 Мај, недела — 20:00
Плато



ПичПрич е раскажувачка иницијатива што се занимава со женската усна историја, со цел да се сопостави на традиционалната писмена историја доминирана од мажи и да ги нормализира женските искуства. Истовремено се стреми да ги афирмира жените кои даваат свој придонес во општеството, како и да разоткрива нови и свежи раскажувачки гласови. Формирана е на почетокот на 2016 година, по авторски концепт на Румена Бужаровска и Ана Василева, а свое премиерно претставување имаше на фестивалот *Прво па женско* во 2016 година. Досега се одржани вкушно 9 настани: 4 Гала-вечери по повод 8 март во Скопје, раскажувачки вечери во Битола, Охрид, Штип и Куманово, како и првиот ПичПрич слем во 2018 година во Скопје.

По бранот освестувачки, еманципирачки и исповеднички приказни за женските искуства од движењето #МеТоо, кое го зафати светот и нашите простори, темата на овогодинешниот слем е „СЕГА КАЖУВАМ“. Форматот на настанот е замислен така што од раскажувачките се очекува да раскажат приказна со времетраење од максимум десет минути на истата тема, која во фокус ги има женските приказни за претрпените психички и физички вознемирувања, кои досега биле премолчувани и неосудувани од страна на општеството.

Слемот се реализира во рамки на проектот Пич Прич, поддржан од Фондацијата *Kvinna till Kvinna.*

Дрег шоу

Борис Геј

12 Мај, недела — 22:00
Бифе Фостина



Оформувајќи ја својата фигура по урнекот и сликата за Дорис Деј, *Борис Геј* е дрег крал од Шкотска кој ќе има свое премиерно шоу токму на *Прво па Женско*. Очекувајте хумор, талент, скромност и можна голотија! Борис ќе пее и ќе игра во својот уникатен камп-кабаре стил, ќе зборува за животот како дрег крал осврнувајќи се на дрег сцената во Обединетото Кралство, а пред да го напушти подиумот, ќе изведе уште една естравагантна точка со танц и песна.

Изложба

“O”

Цело време на ПЖ#7
Женска соба
(фоаје Фросина, на кат)

Јана Јакимовска



Дигитално, зашто иднината е дигитална. Фотографирано, зашто во копи-пејст сегашноста старите вештини се непотребен луксуз. Чкртано, зашто секој знае да чкрта. Текстуално обременето, зашто живееме во време на меме-култура, снепчет и пурикура. Автопортрет, зашто твојата приказна полесно се голта низ туѓо искривено лице. Факти, зашто боговите треба да се замолчат еднаш засекогаш. Хумор, зашто не постои тема што не смее да се исмее. Оргазам, зашто она за што не зборуваме престанува да постои. - Јана Јакимовска

Јана Јакимовска (1981) дипломира и магистрира на сликарскиот оддел на факултетот за ликовни уметности во Скопје. Се занимава со сликарство, дигитални медиуми, графички дизајн, фотографија, илустрација и интервенции во јавен простор. Нејзиното најново творештво се фокусира на феминистичкиот аспект, разгледан низ призмата на телото, себството, сексуалноста и позицијата на жената во општеството денес. До сега имала петнаесет самостојни изложби во Њујорк, Скопје, Белград, Приштина, Куманово, Гевгелија и Штип. Учествувала на бројни групни изложби во Македонија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Турција, Грција, Италија, Литванија, Германија и САД. Работи како вонреден професор на Ликовната академија на Универзитетот Гоце Делчев во Штип.

Фестивалски тим:
Јана Коцевска, Кристина Леловац, Јана Старделова, Моника Јамандиловска, Калиа Димитрова, Елена Крстева, Кумјана Новакова, Стефан Богески, Георги Старделов, Мања Величковска, Благица Петрова, Ненад Ѓорѓиевски Тонкин, Ена Бендевска

Поддржувачи:
FRIDA - Young Feminist Fund, Министерство за култура на РМ, Град Скопје, Амбасада на Кралството Холандија во Скопје, Амбасада на Кралството Шведска во Скопје, The Kvinna till Kvinna Foundation

Соработници:
ЈУ Младински Културен Центар - Скопје, МОТ+, Фестивал Место Женск - Словенија, Фестивал на европскиот филм Синедејс, Музеј на современа уметност - Скопје, Пасворд Продукција (ТАКСИРАТ фестивал), ИСКРА Букинг, МЕДУЗА, Театар на сенки Сенки и облаци, ЦИНИК - Центар за истражување на национализмот и културата, Пич Прич

Илустрациите и дизајнот на постерот се дело на Марија Страјниќ *(Lovers.rs)*
Графички уредник на каталогот: Игор Делов



Фестивалски тим:



Јана Коцевска (Скопје, 1986) дипломирала на Институтот за етнологија и антропологија во Скопје. Една е од основачките на Тиииит! Инк. и на Фестивалот Прво па женско. Била дел од тимовите на повеќе значајни културни настани во Македонија, како КРИК – фестивал за критичка култура и Викенд на гордоста, а волонтирала и на МакеДокс – Фестивал на документарен филм, Друга приказна – Регионален книжевен фестивал посветен на малите фикции итн. Исто така, Јана е една од основачите на ЦИНИК – Центарот за истражување на национализмот и културата, а во моментот работи во Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници – Маргини.



Кристина Леловац (Скопје, 1985) е актерка и доцентка на Факултетот за драмски уметности во Скопје, каде што е докторантка на отсекот Театрологија. Нејзино поле на интерес е професионалната подготовка на актерите, но и промислувањето на театарските пракси во контекст на (современите) политички реалности. Има настапувано во повеќе независни театарски продукции, во филмски и телевизиски проекти. Учествувала на домашни и интернационални фестивали, студиски посети, летни школи и работилници (MOT, TESZT - Timişoara, IMPULSE - Düsseldorf, Mladinsko Gledališče - Ljubljana, U.S. State Department IVL Program). Член е на неколку активистички иницијативи и е една од основачките на Тиииит! Инк. и Фестивалот Прво па женско.



Јана Старделова (Скопје, 1986), дипломира на Културологија на Факултетот за општествени науки во Љубљана. Дел е од основачките на Тиииит! Инк. и Фестивалот Прво па женско. Од 2011 година е активна во невладиниот сектор во Љубљана, каде работи како проектна асистентка на меѓународни младински проекти од областа на човековите права, правата на малцинства и миграциите. Од 2014–та година работи во Меѓународната организација за миграции на мисијата во Љубљана, Словенија.



Моника Јамандиловска (Скопје, 1994) е дипломка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при катедрата за Преведување и толкување во Скопје каде моментално живее и работи како преведувачка за француски и англиски јазик. Покрај преведувањето има работено на продукција на мноштво настани и проекти. На Прво па Женско почнува да волонтира на првото издание на фестивалот во 2013 год. Денес е програмска координаторка на фестивалот и активно работи на неговата реализација.



Калиа Димитрова (Скопје, 1991) дипломира на политички науки на Правниот факултет при УКИМ во Скопје, а нејзината магистратура во областа на културолошки науки ја носи во Холандија, Полска и САД каде студира и живее до 2016 година. Во 2018 година ја издава својата прва книга Вештерките денес. Од 2018 година станува дел од тимот кој стои зад Фестивалот Прво па Женско. Во моментот работи во Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија. Координаторка е и главна уредничка на првата феминистичка платформа на македонски јазик – Медуза (www.meduza.mk).



Кумјана Новакова, работи во полето на креативниот документарен филм и аудиовизуелните уметности. Своето формално образование од областа на општествените науки го стекнува во Софија, Сараево, Болоња и Амстердам. Во 2006 година го ко-основа филмскиот фестивал Pravo Ljudski во Сараево. Моментално работи како филмска куратorка во Музејот на современа уметност во Скопје и како ко-авторка и ко-истражувачка во програмата Radical Education. Соработува со филмски фестивали и платформи и предава ангажиран документарен филм во филмската фабрика Béla Tarr и на одделот за документаристика и нефикција на ESCAC во Барселона. Кумјана ја курира филмската програма на Прво па женско од 2014 година.



Елена Пелјхан (Скопје, 1988) магистрирала на Машинскиот Факултет во Скопје на отсекот Индустриски дизајн и маркетинг. Таа е активна учесничка во градењето и развојот на музичката сцена во Македонија. Една е од основачките на неформалната организација за промоција и поддршка на музички изведувачи All Together Distro. Во 2017 работи во културниот центар Есперанца во Германија и како музичка критичарка за полската веб-страна beehype. Истата година, го започнува својот личен проект за организација и менаџмент на турнеи - независната музичка букинг агенција Искра Турбукинг.



Георги Старделов (Скопје, 1990) недипломиран археолог, пензиониран спортист и љубител на планините и морињата. Од 2010 волонтира и работи на организација и логистика на фестивали и културно-уметнички настани во Македонија и регионот како Axios, Music and Sea Festival, Underground Safari. Џоџо е официјалниот брат на Прво па женско и десната рака на фестивалот од неговото прво издание.



Стефан Богески (1988) дипломирал на Машинскиот Факултет во Скопје на отсекот Индустриски дизајн. Има работено како дел од тимот на Skopje Pride Weekend, како и на серија културно-уметнички настани за видливост на транс и родово-квир луѓето. Од 2018 година станува дел од тимот на Фестивалот Прво па Женско. Истата година ѝ се придружува на Ивана Драгшиќ како уредник и водител на радио емисијата Discordia - можен саундтрак за падот на патријархатот. Во моментот работи во Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници - МАРГИНИ на проект за развивање на систем за превенција и заштита од родово-засновано насилство во средните училишта.



Ненад Ѓорѓиевски Тонкин (Скопје, 1978) е професор по предучилишно воспитание и дипломец на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на отсекот вајарство со сценографија. Како член на бендот Bei The Fish има реализирано четири студиски албуми и многу концерти низ Европа, а од 2013 издава авторска музика како Mammoth & Yashem. Имал две самостојни и повеќе групни изложби во Македонија, Италија и Германија. Компонирал музика и работел сценографија за театар и филм. Бил дел од организациските тимови на фестивалите КРИК и Прво па Женско и на Пич Прич, а последнава година е и технички реализатор на радио емисијата Пич Прич на Канал 103.



Мања Величковска (Скопје, 1995) дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје, на Катедрата за Општа и компаративна книжевност. Моментално е на втор циклус студии на Филозофскиот факултет во Скопје, насока Филозофски науки во областа на естетиката. За време на своите додипломски студии има волонтирано во издавачките куќи Готен и Темплум и светскиот културен центар Есперанца. Дел е од уредничкиот тим на студентската филолошка конференција Како си ми? и електронската платформа In Medias Res, а од 2018 година се приклучува на регионалната неформална група на книжевни критичарки Pobunjene Čitateljke. Се занимава со (феминистичка) естетика на просторот, геопоетика и геокритика.



Благица Петрова го започна својот ангажман во граѓанскиот сектор за време на студиите на Економскиот факултет при УКИМ во Скопје. Таа беше активно вклучена во студентското списание Излез најпрвин како новинарка, а подоцна и како Главна уредничка и Извршна директорка на студентската организација Излез. Извесно време работи во Националниот младински совет на Македонија како Координаторка за членство и комуникации. Во моментов е дел од Асоцијацијата на економски истражувачи во Скопје како помлад истражувач. Благица работи и на Истражувачкиот филмски фестивал во Скопје, организиран од ПИНА – Платформа за истражувачко новинарство и анализи, а од годинава е членка и на тимот на Прво по женско.



Ена Бендевска (Скопје, 1994) дипломира политички науки и меѓународна безбедност на Универзитетот Мастрихт во Холандија. За време на студиите е активно вклучена во Refugee Project Maastricht каде работи со жени мигрантки во процесот на добивање азил и во волонтерската програма на Унивезитетот Пацифико во Лима каде работи со деца и жени од загрозени средини. Денес работи во Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија на проекти за едукација на млади и визуелна уредничка е на првата феминистичка платформа на македонски јазик – Медуза (www.meduza.mk). Оваа година стана дел од тимот на Фестивалот Прво па Женско.

Поддржувачи:

FRIDA

Kingdom of the Netherlands

KVINNA KVINNA

Embassy of Sweden
Skopje

Соработници:

МКЦ

МОТ

MESTO ŽENSK
CITY OF WOMEN

takeirat

CINEDAYS

MUSEUM OF CONTEMPORARY ART SKOPJE
ИСКРА

МЕДУЗА

СЕНКИ И ОБЛАЦИ

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ И КУЛТУРАТА
CENTER FOR RESEARCH OF NATIONALISM AND CULTURE

ПИЦ ПРИЧ



Тиииит! Инк.
www.tiiiitinc.com
contact@tiiiitinc.com